Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-

**Архивски број:** 04-8142/11
**Датум:** 23-12-2025

Врз основа на член 11 и член 52 став (1) и (3) од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 07/2025

1. Административниот службеник Арбенд Фејзо се избира за извршител на работните задачи за работното место:
   -УПР0101В01000 Советник за следење на работењето на Фондот на ПИОМ, Одделение за тековно финансирано пензиско и инвалидско осигурување, Сектор за пензиско и инвалидско осигурување 1 (еден) извршител:

2. Унапредувањето на административниот службеник од точка 1 и ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на одлуката.

## Образложение

На веб страната на министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација на 18.12.2025 година објавен е интерен оглас бр.07/2025 за унапредување на административните службеници на следните работни места:

1. УПР0101Б02000 Раководител на сектор за заштита на децата и семејството, 1 (еден) извршител

2. УПР0101В01000 Советник за следење на работењето на Фондот на ПИОМ, Одделение за тековно финансирано пензиско и инвалидско осигурување, Сектор за пензиско и инвалидско осигурување, 1 (еден) извршители

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана од државниот секретар со решение бр.04-8142/5 од 19.12.2025 година спроведе административна селекција и согласно Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 04-8142/8 од 23.12.2025 година и Записникот од


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр.04-8142/9 од 23.12.2025 година, подготви финална ранг листа за секое работно место и предлог одлука за избор до Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Земајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката.

**Државен секретар**
**Fatmir Sabriu**

Изработил: Е.Печинска
Одобрил: А.К.Ангеловска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk